Василево, 2411 Василево
Тел. 034/354-444
Тел.факс. 034/353-007
**E-mail: opstina_vasilevo@yahoo.co.uk**
**gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk**
**www.opstinavasilevo.gov.mk**

БР. 10-369/3 од 15.03.2023год.

ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

---

Градоначалникот на Општина Василево, решавајќи по барањето за одобрување на **Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање градежна парцела составена од КП 1793 и КП 1794/2 КО Василево вгр., општина Василево,** со технички број 040-0112/2022 од Декември 2022 година, изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица, врз основа на член 62 став (7) и (10) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), како и во согласност со добиеното позитивно мислење од комисија за урбанизам, ја издава следната:

**П О Т В Р Д А**

Се издава потврда за одобрување на **Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање градежна парцела составена од КП 1793 и КП 1794/2 КО Василево вгр., општина Василево,** со технички број 040-0112/2022 од Декември 2022 година, изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Општина Василево беше доставено барање за одобрување на **Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање градежна парцела составена од КП 1793 и КП 1794/2 КО Василево вгр., општина Василево** со технички број 040-0112/2022 од Декември 2022 година, изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица од страна на нарачателот Борче Николов од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.37 преку ополномоштеник Томе Тимов од Струмица. Кон барањето ја достави следнава документација:

1. Проектна програма од инвеститор
2. Извод од урбанистички план за с.Василево за КП 1794/2 и 1793 КО Василево вгр. Донесен со Одлука бр. 07-2328/1 од 30.11.2012 година заведен под број. 10-3/145 од 14.11.2022 година.
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана

геодетска подлога, со број 08-09/373/3 од 05.12.2022год. изработен од ДГРУ -ГЕОПЛАН КОМПАНИ ДОО- Струмица

4. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат
5. Полномошно од инвеститор
6. Ажурирана геодетска подлога – DWG документ
7. Барање за одобрување на Урбанистички Проект
8. Урбанистички проект со тех.бр.040-0112/2022 изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица. – PDF и DWG документи
9. Позитивен извештај за извршена стручна ревизија, со тех.бр.03-378/2022 изработен од ДПТУИ ИДЕА – консалтинг дооел – Струмица.
10. Корегиран Урбанистички проект со тех.бр. 040-0112/2022 изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица. – PDF и DWG документи

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Василево, со Решение бр.09-100/1 од 25.01.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект може да се одобри. Истото го потврди во Мислење од комисија со бр.10-369/2 од 08.03.2023год.

Градоначалникот на Општина Василево, по разгледувањето на доставеното барање и приложената документација и мислењето од комисија за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (“Службен Весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20) и подзаконските акти донесени врз истиот. Врз основа на тоа, а согласно со член 62 став (7) и (10) од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

Изработил: Ѓ.Балдовалиев д.и.а.
Одобрил: раководител Б.Андонов

Општина ВАСИЛЕВО
Градоначалник
Славе Андонов